Архивски број: 08-75/2
13-03-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-571/1 од 7.11.2022 година поднесена од [redacted] против [redacted]- полициски службеник од СВР Куманово, за извршена дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус во областа на работа и работни односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 11.1.2023 година го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на лично својство и општествен статус во областа на работа и работни односи сторена од страна на [redacted] врз [redacted].

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ("**КСЗД**") поднесена е претставка бр. 08-571/1 од 7.11.2022 година од страна на [redacted], за сторена дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус во областа на работа и работни односи, од страна на [redacted] и [redacted].

Подносителот на претставката ("**подносителот**") е вработен како самостоен аналитичар во Одделение за криминалистичко разузнавање и анализа ("**ОКРА**") при СВР Куманово. Според наводите во претставката, на ден 27.10.2022 година во 11:10 часот, од страна на неговиот непосреден старешина [redacted], во нејзините службени простории му бил врачен Предлог за покренување на дисциплинска постапка за утврдување на одговорност за кршење на работен ред и дисциплина ("**Предлог**") со бр. 22.24.3-5551/1 од 30.5.2022 година, заедно со Покана за закажана расправа пред дисциплинската комисија на СВР Куманово за ден 4.11.2022 година. Видно од врачените документи, подносител на иницијативата за покренување на дисциплинска постапка била [redacted] додека пак, подносител на самиот Предлог за покренување на дисциплинска постапка бил тогашниот началник на СВР Куманово (сега пензиониран), [redacted]

Во Предлогот било наведено дека [redacted] е наводен сторител на потешка повреда на работниот ред и дисциплина, предвидена во член 210 од Колективниот договор на МВР. Во врска со ваквото тврдење, подносителот смета дека е повикан на одговорност поради тоа што претходно имал поднесено претставка до Државниот инспекторат за труд ("**ДИТ**"), со која наводно го нарушил угледот на началникот на ОКРА при СВР Куманово, [redacted] Во таа насока, тој се повикува на член 24 од Уставот на РСМ, каде што е предвидено дека „ секој граѓанин има право да поднесува претставки до државните органи и другите јавни служби и на нив да добие одговор. Граѓанинот не може да биде повикан на одговорност, ниту да трпи штетни последици за ставовите изнесени во претставките, освен ако со нив не сторил кривично дело. " Дополнително се повикува и на член 3 од Законот за постапување по претставки и предлози, каде што е предвидено дека „подносителот на претставката, односно предлогот не смее да биде повикан на одговорност, ниту да трпи какви било штетни последици поради поднесувањето на претставката, односно предлогот и изнесувањето на ставови и мислења, освен ако со тоа не е сторено кривично дело. "

Земајќи ги предвид цитираните одредби, подносителот смета дека полициските службеници [redacted] и [redacted] ја злоупотребиле и пречекориле својата службена положба и овластување. Истото смета дека било сторено преку поднесување на гореспоменатите Иницијатива и Предлог со кои го повикуваат на одговорност, а со цел одмазда и нанесување штета која би се одразила на начин што неговата професионална иднина во МВР би била компромитирана. Исто така, наведува дека во самиот Предлог тие изнеле лажни и невистинити наводи поврзани со неговата претставка до ДИТ.

Исто така, тврди дека во поднесените Иницијатива и Предлог биле прикриени неколку факти:

1. Прво, во врска со поднесената претставка до ДИТ од негова страна, дека со Известување бр. 10-186 од 28.3.2022 година бил известен дека биле констатирани бројни неправилности и нерегуларности, за што било донесено и Решение.
2. Второ, дека неправилности и незаконитости биле утврдени и при извршениот контролен инспекциски надзор од страна на ДИТ во СВР Куманово, каде било констатирано дека не се почитуваат претходните укажувања и дадени насоки и рокови. За истото му било доставено Известување со бр. 10-1186 од 26.4.2022 година.
3. Трето, вели, бил прикриен и фактот што од страна на Дирекцијата за заштита и спасување ("**ДЗС**") во СВР Куманово бил извршен вонреден инспекциски надзор, при што биле констатирани неправилности и незаконитости. За истото му било доставено Известување со бр. 08-4/2.1 од 20.5.2022 година. Понатаму бил извршен и дополнителен инспекциски надзор каде повторно биле утврдени неправилности, односно било констатирани дека не се почитуваат претходните укажувања и дадените насоки и рокови. За ова бил известен со Известување бр. 08-4/3.1 од 28.6.2022 година.
4. Последно, тврди дека прикриен бил и податок дека од страна на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при МВР било постапувано по горенаведените дејствија, за што му било доставено Известување бр. 14.1.2-1238/3 од 19.7.2022 година. Во Известувањето било наведено дека „по извршениот вонреден инспекциски надзор од ДИТ и ДЗС, од страна на СВР Куманово се преземаат мерки за отстранување на констатираните неправилности."

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 15.11.2022 година испрати Известување за произнесување по наводите од претставката бр. 08-571/2 до Министерството за внатрешни работи на РСМ, ОКРА-СВР Куманово.

На ден 29.12.2022 година на електронската адреса на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна дополнување на претставката од страна на [redacted]. Во дополнувањето, тој наведува дека му биле организирани серија на настани со цел поведување дисциплински постапки против него со кои би се нарушила неговата професионална кариера во МВР. Најпрво истакнува дека во 2019 година со, според него, лажирана службена белешка изготвена од [redacted], му била поведена првата дисциплинска постапка. По спроведување на постапката, предлогот бил отфрлен како неоснован. На ова, вели тој, претходеле проверки за утврдување на оригиналноста на неговите магистерски студии, при што биле водени и финансиски истраги, проверки за влез и излез од државата, а бил проверуван и преку Интерпол. Овие дејствија ги смета за неосновани и непотребни, а тврди дека истите биле форсирани од страна на началникот на Отсекот за економски криминалитет во СВР Куманово, [redacted] и старешината [redacted]. За ова било доставено Известување до ОЈО Куманово, кое пак донело резолуција со која Известувањето било отфрлено.

Понатаму наведува дека во 2020 година за време на техничката влада, од страна на министерот за внатрешни работи [redacted] бил поставен за претседател на Дисциплинска комисија на СВР Куманово. Поради ваквата околност, вели дека по завршувањето на мандатот на техничката влада, од страна на началникот на СВР Куманово [redacted], во еден ден, на 23.9.2020 година, му биле врачени два предлога за дисциплински постапки. Истите смета дека биле за банални работи. Во едната постапка бил парично казнет 3 месеци со 15% од плата, додека во другата бил казнет со одземање на чинот (едно место подолу), а веднаш потоа, на 29.12.2020 година со Решение бил прераспореден на ново работно место како Самостоен инспектор по имотни деликти во ЕВР Чаир во Скопје, односно надвор од неговото место на живеење. На тоа работно место бил до мај 2022 година, кога по поднесена претставка до ДТИ, бил извршен вонреден инспекциски надзор во МВР и решението со кое бил прераспореден било поништено како незаконско и било наложено на работодавачот да го распореди назад во неговото место на живеење. Известува дека моментално е вратен во СВР Куманово на работно место Самостоен аналитичар.

За сето горенаведено, подносителот на претставката води 3 работни спорови пред Основниот граѓански суд во Скопје.

На ден 30.11.2022 година, до КСЗД повторно е доставено дополнување на претставката од страна на подносителот. Со дополнувањето, тој ја известува Комисијата дека во меѓувреме му било доставено Известување со бр. 22.24-12084/2 од 10.11.2022 година од ПС ОН Куманово-СВР Куманово, со кое го информираат дека во периодот од 1.1.2022 година до 2.11.2022 година, нема евидентирано пријава со која тој е пријавен дека на некого му ја има нарушено честа и угледот. Имајќи го тоа предвид, подносителот смета дека иницираната дисциплинска постапка се однесува на настан кој воопшто и не постои.

На ден 6.12.2022 година во архивата на КСЗД пристигна произнесување од ОКРА-СВР Куманово, како одговор на претставката.

Во одговорот на претставката, началничката на ОКРА [redacted] наведува дека Иницијативата за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност поднесена од нејзина страна не била поради претставката поднесена од страна на полицискиот службеник [redacted] до ДИТ, туку поради постојаниот и секојдневен мобинг од негова страна кон нејзе како началничка на ОКРА. Во тој контекст, таа не го оспорува неговото граѓанско право да поднесува претставки и вели дека ја нема злоупотребено нејзината положба како началничка, ниту пак има поднесено било каков противзаконски акт.

По поднесената претставка до ДИТ во областа на безбедност и здравје при работа од страна на [redacted], а која претставка била поднесена против началничката [redacted] лично, таа била повикана на 28.3.2022 година во 14:30 часот од страна на инспекторот за вршување на инспекциски надзор во ОКРА за наводите изнесени во претставката. По извршениот вонреден инспекциски надзор, биле дадени насоки за понатамошно постапување, кои СВР Куманово требало да ги изврши во даден временски рок, за што по истото било постапено.

Во врска, пак, со извршениот контролен инспекциски надзор, наведува дека истиот бил направен по барање на [redacted] поради тоа што не бил задоволен од исходот на инспекторот за труд и социјална политика. За сè што било изнесено во претставката, а се однесувало на сместување на вработени и услови за работа во просториите во кои тој работи, односно оние простории на ОКРА, при извршениот инспекциски надзор не се забележани примедби, бидејќи просториите на СВР Куманово во 2021 година биле целосно реновирани.


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Во однос на претставката поднесена до ДИТ, во делот кој се однесувал на двете заклучени врати на долниот кат кои вработените не можеле да ги користат, началничката известува дека двете врати се метални безбедносни врати и за нивното заклучување постои легитимна причина. Имено, едната врата излегува во дворот на СВР Куманово и е постојано отворена за користење на вработените во ОКРА, додека пак другата метално безбедносна врата излегува на паркингот на СВР Куманово и поради материјалот кој е од класифициран карактер, а се наоѓа на тој кат, треба да биде затворена и по завршување на работното време се заклучува. Вели дека ова е согласно Законот за класифицирани информации каде се пропишани мерки и активности за безбедност и заштита на класифицирани информации, а со цел да не би можело да се користи влезот за други лица кои не се вработени во ОКРА, бидејќи вратите се наоѓаат во безбедносна зона. Впрочем, началничката наведува дека од страна на раководителката на отсекот каде работи [redacted], бил одржан состанок со вработените во врска со начинот на користење на долната метално безбедносна врата, односно истата да се заклучува сè додека не бидат поставени електронски читачи на вратите. Вработените, меѓутоа, не сакале да бидат одговорни за клучот, за што вели дека постои и службена белешка. Исто така, напоменува дека претходно кога долната врата била отклучена и отворена, имало приговор од страна на [redacted] дека влегуваат лица кои не се вработени во ОКРА.

По добивањето на претставката, од страна на началничката бил известен Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди и испратено било Известување со прилог акти. Понатаму било испратено Известување до началникот на СВР Куманово за негова надлежност и понатамошно постапување.

Понатаму началничката вели дека и покрај нападите во претставката упатени кон нејзе, таа не преземала никакви санкции против [redacted], туку согласно овластувањата поднела Иницијатива до кабинетот на началникот на СВР Куманово, кој понатаму поднел Предлог до Комисијата за дисциплинска постапка. Комисијата понатаму самостојно и независно носи одлуки за фактичката состојба, така што смета дека со самата одлука се потврдува транспарентноста.

За моменталната ситуација, началничката вели дека согласно важечките прописи, како и досегашната пракса, наједноставен начин за комуникација и разрешување на сите недоразбирања меѓу вработените, вклучувајќи и на релација вработен-претпоставен, е меѓусебниот дијалог и посредството на на раководители по рангови, и тоа во рамки на СВР. Исклучок, вели, е кога никој не може да го разреши спорот, или ако не постои волја за истото, а претставува повреда на Законот за работни односи, дисциплинска одговорност или кривично дело за кое раководителот на СВР не сака да преземе мерки или не извести надлежен орган. Во конкретниот случај, наведува дека сè било транспарентно и не постои никаква одговорност од било кој раководител, ниту пак настапила штета за подносителот.

Началничката смета дека од горенаведеното е евидентно дека поднесената претставка и наводните проблеми со кои полицискиот службеник [redacted] се соочува, се однесуваат на СВР Куманово, а не на нејзе лично како началничка на ОКРА. Ова од причина што распоредот на канцеларии, односно недостатокот од нив и работните места не се во нејзина надлежност. Дополнително, наведува дека во моменталните канцеларии на ОКРА, претходно биле сместени други организациони единици и никој од нив нема поднесено никакви жалби или поплаки во врска со местоположбата на канцелариите и условите за работа.

Последно, началничката тврди дека поднесената Иницијатива од нејзина страна за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност е законита и во согласност со Колективниот договор на МВР.

На ден 15.12.2022 година во просториите на СВР Куманово, извршен е увид од страна на членот на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Лимко Бејзароски. Следниот ден, на 16.12.2022 година до Комисијата пристигна Известување од [redacted] во кое наведува дека [redacted] лично му се има извинето во врска со дејствијата опишани во неговата претставка, во присуство на членот на Комисијата Лимко Бејзароски. Наведува дека го прифаќа извинувањето и затоа го повлекува делот од претставката кој се однесува на началничката [redacted] Во однос на останатиот дел од претставката кој се однесува на [redacted], во целост останува на наводите.

До електронската адреса на КСЗД на ден 19.12.2022 година пристигна Дополнување на претставката од страна на [redacted] во кое тој достави два нови докази:

1. Решение со бр. 22.6.1.1-119387/1 од 30.11.2022 година за отфрлање на Предлогот за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност; и
2. Пресуда ПРК-О-137/22 на Основниот суд во Куманово, донесена на 7.12.2022 година. Пресудата е донесена по претходно поднесено Барање за поведување на прекршочна постапка од страна на КСЗД, а во врска со неисполнување на препораката од Мислење бр. 0801-111/14 донесено од КСЗД. Во пресудата, [redacted] заедно со двајца други вработени во СВР Куманово, се прогласени за виновни за неисполнување на препораката.

Од наводите на претставката и одговорот на истата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација оцени дека не можат да се најдат факти и околности кои укажуваат на сторена дискриминација од страна на [redacted].

Имено, Комисијата утврди дека во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција на дискриминација содржана во **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите".*

При анализа на наводите од претставката, Комисијата го зема предвид периодот после претходно донесеното Мислење бр. 0801-111/14 од 15.10.2021 година со кое беше утврдена дискриминација врз подносителот [redacted] Во тој период, клучно било иницирањето на дисциплинска постапка против подносителот, каде како подносител на иницијативата за покренување на дисциплинска постапка се јавила [redacted], додека пак, подносител на самиот Предлог за покренување на дисциплинска постапка бил тогашниот началник на СВР Куманово (сега пензиониран), [redacted]. Со оглед на тоа што со дополнување од страна на подносителот беше повлечен делот од претставката кој се однесува на Јагода Петрушевиќ, Комисијата ја сопре постапката во тој дел и ги цeнеше само наводите од претставката кои се однесуваат на [redacted].

Од наводите во претставката, одговорот од страна на [redacted], како и прибавените докази, Комисијата оцени дека не постојат индиции за сторена дискриминација. Поконкретно, [redacted] согласно член 223 став 3 од Колективниот договор на МВР, како раководител на организациската единица каде е распореден [redacted], поднела Иницијатива за


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

поднесување писмен предлог за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност. [redacted] понатаму, како тогашен началник, го поднел Предлогот за покренување на дисциплинска постапка. Во поглед на овие дејствија, Комисијата не утврди дека истите биле направени како одмазда поради претставката поднесена до ДИТ од страна на [redacted], ниту пак дека продуцирале дискриминаторски однос. Во таа насока, самото поднесување на Предлогот за поведување дисциплинска постапка од негова страна, не може да се смета за дискриминаторско.

Врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација во областа на работата и работните односи од страна на [redacted] врз Владимир Петрушевски.

Скопје
13.3.2023 година

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk